08-608/1
05-02-2025

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива Државната комисија за спречување на корупцијата на 14- та седница одржана на ден 28.01.2025 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предметот со број 08-4940/1 од 15.11.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08-4940/1 од 15.11.2021 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот со број 08-4940/1 од 15.11.2021 година е оформен по сопствена иницијатива, од причина што Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатирала дека лицето __________ во законски предвидениот рок по престанокот на функцијата в.д. член на _______________ не поднела анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата. Поради тоа, на колегиумот одржан на ден 04.10.2021 година Државната комисија за спречување на корупцијата донела заклучок да иницира прекршочна постапка против именуваното лице, за сторен прекршок по член 82 ст.3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

ДКСК на __________ и издаде прекршочен платен налог со бр.08-8615/2 од 06.10.2022 година за сторен прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот Закон.

Со оглед на тоа што постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барања за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК.

Прекршочната комисија со допис бр.14-5176/3 од 24.11.2023 година го врати барањето за поведување на прекршочна постапка за повторно порамнување.

Согласно со член 41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ“ бр. 96/19 и 253/23), Прекршочната постапка не може да се води ако поминат две години од денот на последното дејствие на прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот на последното дејствие на прекршокот.

Во конкретниот случај, престанок на функцијата на лицето ________________ како в.д. Член на ______________________ е на ден 04.08.2021 година и согласно со член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, истата имала обврска најдоцна во рок од 30 дена од денот на престанок на функцијата, односно до 05.09.2021 година, да поднесе анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата. Имајќи предвид дека се изминати повеќе од две години од денот кога е сторен прекршокот, а прекршочна постапка против сторителот на прекршокот не е поведена, настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

**Изготвил:** К.Б, соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, Раководител на одделение
**Согласен:** К.З, Раководител на сектор
**Одобрил:** м-р С.Д, член